Република Северна Македонија

Државна Изборна Комисија

# УПАТСТВО

## ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИ ИЗБОРНИ КОМИСИИ И ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ

Март 2019

Врз основа на член 31 став (2), точка 2) од Изборниот законик на Република Македонија, ("Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19), и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година Државната изборна комисија на седницата одржана на ден 18.03.2019 година донесе

# УПАТСТВО

## ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИ ИЗБОРНИ КОМИСИИ И ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

1) Општинските Изборни Комисии односно Изборната Комисија на Град Скопје (во понатамошниот текст: ОИК/ИКГС) се надлежни за спроведување на избори за Претседател на Републиката, избори за Пратеници, избори за членови на совети и Градоначалници на Општините како и референдум на државно и локално ниво (во понатамошниот текст: изборни дејствија) во изборните единици и избирачките места определени со Изборниот законик.
2) ОИК/ИКГС се формираат со одлука на Државната Изборна Комисија (во понатамошниот текст ДИК). Одлуките со кои се формираат ОИК/ИКГС се објавуваат во "Службен весник на Република Северна Македонија".
3) Начинот и постапката за именување на претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици на ОИК/ИКГС се уредуваат со акт на Државната изборна комисија.

## II. ФОРМИРАЊЕ И СОСТАВ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ / ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ

Член 2

1) ОИК/ИКГС е составена од претседател и четири члена. Претседателот и членовите имаат заменици.
2) Изборот на составот на ОИК/ИКГС се врши преку случаен избор од редот на вработените во државната, општинската и администрацијата на градот Скопје, со високо образование за време од пет години.
3) Член на ОИК/ИКГС не може да биде:
   - лице осудено за казниво дело поврзано со изборите;
   - лице кое претходно учествувало во спроведување на изборите и во чија работа како член на изборен орган се утврдени неправилности поради кои е поништено гласањето;
   - лице кое не ги исполнува посебните услови утврдени со овој закон;
   - избрани или именувани функционери од Владата, односно Собранието и
   - лица вработени во државната администрација на:

     Народниот правобранител,

     Министерството за правда,

     Министерството за одбрана,

     Министерството за внатрешни работи,

     Секретаријатот за законодавство,

     Државниот завод за статистика,

     Дирекцијата за заштита и спасување,

     Центарот за управување со кризи,

     стручната служба во Управниот суд,

стручната служба на Државната изборна комисија,

стручната служба на Државната комисија за спречување на корупцијата и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4) Претседателот и членовите на ОИК/ИКГС и нивните заменици, по правило имаат живеалиште на подрачјето на општината за која е формирана ОИК/ИКГС.
5) ОИК/ИКГС има секретар и негов заменик. Секретарот и неговиот заменик ги именува претседателот на ОИК од редот на дипломираните правници за време од пет години. Секретарот и неговиот заменик ги извршуваат стручно-административните и организационо-техничките работи на ОИК/ИКГС.
6) При изборот на членовите на ОИК/ИКГС, во општините во кои живеат најмалку 20% од граѓаните припадници на другите заедници се одразува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници.
7) Во составот на изборните органи секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%.

## III. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОИК/ИКГС

Член 3

1) Претседателот и членовите на ОИК/ИКГС, секретарот, како и нивните заменици својата функција ја извршуваат непристрасно, совесно и одговорно во согласност со надлежностите утврдени со Изборниот законик и подзаконските акти донесени од ДИК.
2) Ако претседателот, член на ОИК/ИКГС, секретарот, како и нивен заменик, прифати кандидатура за претседател на Републиката, пратеник, член на совет и градоначалник, функцијата на претседател, член, секретар, односно заменик во изборните органи му престанува.
3) Лицето избрано за член на ОИК/ИКГС може да не прифати да ја извршува таа должност само поради оправдани здравствени или семејни причини, при што за неприфаќањето на членот одлучува ДИК, врз основа на приложена соодветна документација, по негово лично барање.

Член 4

1) Начинот и постапката за утврдување на одговорноста за незаконито работење на претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици на ОИК/ИКГС се уредуваат со Законот за државните службеници како и Кривичниот закон.
2) ОИК/ИКГС на јавна седница, може да даде предлог до ДИК за разрешување на нејзин член заради нестручно и несовесно работење.
3) Доколку кај член на ОИК/ИКГС се констатира неможност за вршење на функцијата по некој од горенаведените основи, ОИК/ИКГС е должна веднаш да ја извести ДИК со приложување на соодветна документација.

Член 5

Секретарот на ОИК/ИКГС и неговиот заменик може да бидат разрешени од страна на Претседателот во следните случаи:

- кога своите работни обврски ги извршуваат несовесно, неодговорно и спротивно со надлежностите утврдени со Изборниот Законик и подзаконските акти донесени од ДИК,
- по нивно барање поради здравствени или семејни причини,
- кога ќе настапи една од причините за неспоивост утврдени во Изборниот законик
- кога постои судир на интереси предвидени согласно позитивните законски прописи.

Член 6

Претседателот и членовите на ОИК/ИКГС, секретарот, како и нивните заменици имаат право на надоместок што се утврдува со акт на Државната изборна комисија.

## IV. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОИК/ИКГС

Член 7

1) ОИК/ИКГС се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборните дејствија во согласност со Изборниот законик и подзаконските акти и врши надзор на работата на избирачките одбори.
2) Надлежности на ОИК поврзани со избирачките одбори и избирачките места:
   - го именува составот на Избирачките Одбори (во понатамошниот текст ИО) со решение и со депонирани потписи на членовите го доставува до Државната изборна комисија;
   - дава упатства за работење на ИО, согласно Изборниот законик, подзаконските акти и прирачникот за едукација
   - организира и спроведува едукација на членовите на ИО според планот и програмата на ДИК пред секои избори и ѝм издава уверенија за завршена обука;
   - должна е да обезбеди сите гласачки места кои се во нејзина надлежност да бидат отворени за гласање во 07:00 часот на денот определен за гласање;
   - ја контролира законитоста на работењето на ИО, интервенира во случаите кога е констатирана повреда на законитоста во подготовките, спроведувањето, утврдување-то на резултатите на изборите, повреда на упатствата и препораките дадени од неа и ги разрешува членовите на ИО во случај на нивно противзаконско работење пред денот на изборите и на денот на изборите;
   - пред денот на изборите ги предава изборните материјали на ИО на начин утврден со Изборниот законик;
   - по завршување на изборите ги собира изборните материјали и записниците со изборните резултати од ИО.
3) Надлежности на ОИК/ИКГС поврзани со ДИК:
   - презема технички подготовки за спроведување на изборите според упатствата и инструкциите на ДИК;
   - изготвува извештај за работа на ОИК/ИКГС по спроведените избори и го доставува до ДИК;
   - по спроведувањето на изборите, во рок од пет часа од приемот на целокупниот изборен материјал од ИО, ОИК ги сумира резултатите од гласањето за листата на кандидати од избирачките места за кои таа е надлежна, составува записници и истите ѝ ги предава на ДИК;
   - обезбедува материјали при одлучување по правните лекови;
   - доставува известување до ДИК во кое се наведуваат гласачките места кои не биле отворени во 07:00 часот како и причините поради кои овие места не биле отворени и мерките кои се преземени за отстранување на неправилностите,
   - прибира информации за излезност во текот на гласањето, согласно Прирачникот од ДИК и истите ги доставува до ДИК.
4) Надлежности на ОИК/ИКГС поврзани со подносителите на листи на кандидати:
   - ги прима листите на кандидати за избор на членови на совет и листите на кандидат за градоначалник;
   - утврдува дали предложените листи на кандидати за избор на членови на совет и листата на кандидат за градоначалник се поднесени во согласност со Изборниот законик;

- го утврдува субјективитетот на подносителот на листата на кандидати за избор на членови на совет и градоначалници врз основа на договор на политичките партии кои настапуваат како коалиција;
- ги потврдува листите на предложените кандидати;
- ги утврдува и објавува резултатите од гласањето во општината и градот Скопје и на избраните кандидати за членови на советот, односно на избраниот градоначалник, им издава уверение за изборот веднаш по конечноста на изборите.

5) Надлежности на ОИК поврзани со информирање на јавноста:
- ги информира граѓаните за местото на гласање;
- на видни места во општината ги огласува утврдените листи за кандидати.

6) Останати надлежности на ОИК/ИКГС:
- ги евидентира и потврдува овластените претставници на подносителите на листи на кандидати за следење на работата на ОИК и на ИО и им издава беџови со бројот на избирачкото место на овластените преставници кои ќе ја следат работата на ИО;
- пополнува и доставува статистички податоци за потребите на Државниот завод за статистика.

## V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ОИК/ИКГС

Член 8

Работата на ОИК/ИКГС е јавна и право да присуствуваат на работата на ОИК/ИКГС имаат овластените претставници на подносителите на листи и акредитираните набљудувачи и тоа:

### Овластени претставници на подносителите на листи на кандидати

Член 9

1) Секој подносител на листа на кандидати има право да определи претставник и негов заменик кои ќе ја следат работата во ОИК/ИКГС. Тие ја следат работата на ОИК/ИКГС од започнувањето на изборите сè до утврдувањето и објавувањето на резултатите.
2) Подносителот на листата на претставникот му издава овластување и за тоа ја известува ОИК/ИКГС најдоцна два дена пред денот на изборите.
3) На овластените претставници ОИК е должен веднаш да им издаде Беџ за идентификација изработен од ДИК, согласно доставените овластувања.

Член 10

1) Овластениот претставник на подносителот на листата има право:
   - на седница на ОИК/ИКГС да побара и да изврши целосен увид во целокупната документација на комисијата;
   - да предупреди за неправилности во работата на ОИК/ИКГС на седница на ОИК/ИКГС;
   - да побара предупредувањето да биде внесено во записникот од седницата на ОИК/ИКГС.
2) Овластен претставник и негов заменик пред ОИК/ИКГС не може да биде лице утврдено за кандидат. Од секоја потврдена листа на кандидати, на седница на ОИК/ИКГС може да присуствува и да ја набљудува работата само овластениот претставник или неговиот заменик во отсуство на него.

**Акредитирани набљудувачи**

Член 11

1) Акредитираните набљудувачи (домашни и меѓународни) пред ОИК/ИКГС се легитимираат со:
   - беџот за набљудувачи кој го издава ДИК, а тие се должни да го имаат на себе и
   - документ за лична идентификација.
2) Акредитираните набљудувачи може да ги набљудуваат сите аспекти на подготовките и изведувањето на изборите. Притоа, тие се должни:
   - да ги почитуваат Изборниот законик и упатствата од ДИК кои се однесуваат на набљудувањето на изборниот процес;
   - да го почитуваат Кодексот за набљудување на изборите и изборната постапка (објавен на Интернет страницата на ДИК);
   - да се легитимираат со беџот за набљудувачи;
   - да не се мешаат и да не влијаат со своите активностите во работата на органите кои ги спроведуваат изборите.

**Новинари**

Член 12

1) Домашните новинари пред ОИК/ИКГС се легитимираат со:
   - акредитација издадена од неговата новинарска куќа, од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) или од Македонската асоцијација на новинари (МАН) и
   - документ за лична идентификација
2) Странските акредитирани новинари се легитимираат со беџ издаден од ДИК.
3) Домашните и странските акредитирани новинари имаат право да ја следат работата на ОИК/ИКГС, под услов истата да не ја попречуваат.

Член 13

1) Пред новинарите, претседателот на ОИК/ИКГС или неговиот заменик, може да дадат изјава само за технички информации околу изборниот процес (на пр. број на запишани избирачи во Избирачкиот список, број на избирачки места и локациите на гласачките места, број на болни или немоќни лица кои поднеле известување до ОИК, податоци за излезноста на гласачите до моментот на давањето на изјавата и слично).
2) За изјави поврзани со прашања за текот на гласањето и изборниот процес, претседателот на ОИК/ИКГС, неговиот заменик, членовите или нивните заменици ги упатуваат новинарите до ДИК.

## VI. ФОРМИРАЊЕ НА ИЗБИРАЧКИ ОДБОРИ

**Состав на избирачките одбори**

Член 14

1) ИО се формира за секое избирачко место. ИО се составени од претседател и четири члена. Претседателот и членовите имаат заменици. Сите треба да имаат живеалиште на подрачјето на општината за која е формиран ИО. Во случај во општината да нема соодветни лица, во ИО се именуваат лица со постојано живеалиште во соседната најблиска општина.
2) Претседателот на ИО и неговиот заменик, се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, со високо образование.

3) Два члена и нивните заменици се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје со најмалку средно образование, по случаен избор, за време од 4 години.
4) Еден член на ИО и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови, додека еден член и негов заменик се именува на предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.
5) Политичките партии предлозите за членови на избирачки одбори и нивни заменици ги доставуваат до ОИК во рок од пет дена од денот на добивањето на известувањето од ОИК.
6) Ако политичките партии не го достават предлогот во утврдениот рок, именувањето на членовите го врши ОИК, согласно пропишаните критериуми за случаен избор од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје.
7) Во случај на спроведување на Референдум на државно и локално ниво, во составот на Избирачките одбори не учествуваат членови номинирани од политичките партии, согласно одредбите од Законот за референдум.
8) Изборот на претседателот на ИО, неговиот заменик, двата члена и нивните заменици го врши ОИК, со помош и поддршка од ДИК. Изборот се врши по случаен избор. Начинот и постапката за избор се уредени со правилник на ДИК.
9) Општинската Изборна Комисија го именува составот на ИО со решение и со депонирани потписи на членовите го доставува до Државната изборна комисија.
10) Во случај на нивно противзаконско работење ги разрешува членовите на избирачкиот одбор пред денот на изборите и на денот на изборите.
11) ОИК при изборот треба да внимава на следното:
    - При изборот на членовите на ИО, во општините во кои живеат најмалку 20% од граѓаните припадници на другите заедници се запазува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници согласно упатството на ДИК.
    - Во составот на секој ИО секој пол треба да биде застапен со најмалку 30%.

**Причини за изземање на избран член на ИО**

Член 15

1) Лицето избрано за претседател на ИО, заменик претседател, член или заменик член може да не прифати да ја извршува таа должност само поради здравствени или семејни причини.
2) За изземањето на лицето од составот на ИО одлучува ОИК, врз основа на приложената соодветна документација. Во ваков случај ОИК изготвува Решение за изменување и дополнување на решението за формирање на ИО.
3) ОИК на јавна седница, може да изземе член на ИО, доколку настанале и објективни причини за неговата неможност за присуство во работата на ИО. За оваа причина, ОИК е должен претходно да прибави доволно докази кои упатуваат на истото.

Член 16

За член на ИО не може да биде избрано:

- лице осудено за казниво дело поврзано со изборите;
- лице кое претходно учествувало во спроведување на изборите и во чија работа како член на изборен орган се утврдени неправилности поради кои е поништено гласањето;
- лице кое не ги исполнува посебните услови утврдени со овој закон;

- избрани или именувани функционери од Владата, односно Собранието и
- лица вработени во државната администрација на:

  Народниот правобранител,
  Министерството за правда,
  Министерството за одбрана,
  Министерството за внатрешни работи,
  Секретаријатот за законодавство,
  Државниот завод за статистика,
  Дирекцијата за заштита и спасување,
  Центарот за управување со кризи,
  стручната служба во Управниот суд,
  стручната служба на Државната изборна комисија,
  стручната служба на Државната комисија за спречување на корупцијата и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Постапување на ОИК при избор, именување и разрешување на ИО**

Член 17

1) ОИК врши случаен избор на состав на ИО со помош на техничка и друг вид подршка од страна на ДИК, согласно претходено утврден план и распоред од страна на ДИК.
2) ОИК доставува известување до политичките партии за да и се достават предлози за кандидати за членови и заменици во ИО односно поради целисходност на постапката, во нивно име ДИК ги доставува известувањата.
3) Политичките партии,преку овластено лице предлозите за членови на ИО и нивните заменици ги доставуваат до ОИК во рок од пет дена од денот на добивањето на известувањето. Ако политичките партии не го достават предлогот во утврдениот рок, именувањето на членовите го врши ОИК, по пат на случаен избор, од државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје.

Член 18

1) ОИК, по формирањето на ИО, има обврска да изготви решенија и да обезбеди депонирање на потписи од членовите и замениците во ИО. Потписите, претседателот на ИО, неговиот заменик, членовите и нивните заменици, ги депонираат на пропишани образци кога се именува комплетно нов состав на ИО или кога се врши изменување и дополнување на составот на ИО. Копија од решенијата со депонирани потписи од членовите на ИО, ОИК ги доставува до ДИК.
2) ОИК податоците од членовите на ИО (име, презиме, електронска контакт адреса, контакт телефонски број и институција во која лицето е вработено) веднаш по нивното формирање ги доставува во електронска форма до ДИК.
3) Заедно со депонирањето на потписите, ОИК зема податоци за трансакциската сметка и ЕМБГ на претседателот на ИО, неговиот заменик, членовите и нивните заменици. Овие податоци се впишуваат на посебен образец, пропишан од ДИК и истите се доставуваат до ДИК. На наведените сметки се префрла паричниот надоместок за нивниот ангажман во ИО. Висината на надоместокот е определен со правилник на ДИК.
4) При депонирање на потписите, ОИК е должна од страна на новоизбраните членови на ИО да обезбеди потпишување на изјава за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци согласно член 23 став 1 од Законот за заштита на личните податоци.

5) Одлуките за именување на членовите на ИО се објавуваат во службените гласила на општината и се истакнуваат на огласната табла на општината и на видно место пред седиштето на општината и на ОИК.

## VII. КОМУНИКАЦИЈА НА ОИК СО ИЗБИРАЧКИТЕ ОДБОРИ

Член 19

1) Секоја ОИК, заради поефикасно спроведување на сите изборни дејствија предвидени во Планот за активности, подготвува План за комуникација со Избирачките одбори.
2) При подготвување на планот за комуникација треба да се земе предвид бројот на Избирачки одбори кои се формирани на територијата на општината, како и географската поставеност и теренските специфики на општината.
3) За поуспешно извршување на работните задачи (контакт со ИО, издавање на решенија, депонирање потписи, организирање едукација на ИО, посета и увид на простории за гласање, организирање галасање на болни и немоќни лица, контрола на гласачките места) Избирачките одбори се организираат во групи со територијална и сообраќајна поврзаност.

Пример:

Група А:

Член: __________ Заменик член: _____________

| | ИМ | населено место | Локација | Адреса |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| .... | | | | |

Група Б:

Член: _____________ Заменик член: _______________

| | ИМ | населено место | Локација | Адреса |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| .... | | | | |

4) Согласно подготвениот план, секој член на ОИК (по потреба и заменик член) добива одговорност да комуницира со една група на Избирачки одбори, во текот на целиот изборен процес, во улога на Координатор. Тоа подразбира дека сите Претседатели (и нивни заменици) на Избирачки одбори формирани на територијата на општината имаат директна комуникација со својот координатор и од него ги добиваат сите информации потребни за непречено одвивање на изборниот процес, и истовремено сите барања до ОИК ги реализираат во комуникација со координаторт.

## VIII. Соработка на општинска изборна комисија со надлежни институции

**Средба со претставници на локалната самоуправа**

Член 20

1) Пред одржувањето на првата седница на ОИК/ИКГС по распишувањето на изборите или одлуката за распишување на референдум, претседателот и неговиот заменик организираат средба со градоначалникот на општината односно Градот и/или лице кое е назначено за контакт и логистика на ОИК/ИКГС.
2) Градоначалникот, во рамките на можностите на општината е обврзан да обезбеди:
   - простории кои ОИК/ИКГС ќе ги користи за време на изборниот процес, заедно со обезбедено хигиенско-техничко одржување, греење и климатизација на истите,
   - посебна обезбедена просторија за чување на доверливиот избирачки материјал,
   - најмалку едно работно место опремено со персонален компјутер, печатар и скенер,
   - друга техничка помош и опрема на барање на ОИК.
3) Точната адреса на просториите кои ќе ги користи ОИК/ИКГС веднаш се доставува до ДИК за да се инсталира телефонска и интернет линија.
4) Доколку општината не обезбеди технички, просторни и други услови за работа на ОИК, за тоа веднаш се известува ДИК за да може да преземе активност за обезбедување на потребните услови за работа.

**Соработка со полицијата**

Член 21

1) Претседателот на ОИК по одржувањето на првата седница на комисијата, треба да побара состанок со одговорното лице на МВР во општината.
2) На состанокот треба да се договорат следните прашања:
   - Присуството на полицијата (обезбедување) при приемот на изборниот материјал од ДИК;
   - Чувањето на изборниот материјал до моментот на неговото предавање на сите ИО во надлежност на ОИК;
   - Обезбедувањето на гласачките места по предавањето на изборниот материјал на ИО;
   - Обезбедување на гласачките места на денот на изборите (непрекинато од 06:00 до 19:00 часот);
   - Обезбедување на ИО и гласачкото место за време на сумирањето на резултатите;
   - Обезбедување на ИО до предавањето на записникот и другиот материјал од гласањето на ОИК (само по барање на ИО).
3) Заради овозможување на комуникацијата помеѓу избирачките одбори и припадниците на полицијата на денот на изборите, претседателот на ОИК и одговорното лице од МВР, во текот на соработката треба да разменат листи со телефони на:
   - претседателите и замениците претседатели на избирачките одбори;
   - припадниците на полицијата кои ќе бидат ангажирани на гласачките места на денот на изборите.

## IX. РАБОТА НА ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**Прва седница на ОИК/ИКГС**

Член 22

1) Првата седница на ОИК/ИКГС, е наменета за планирање на активностите за време на изборниот процес. Задолжително е присуство на целиот состав на ОИК/ИКГС (вклучувајќи ги и замениците) во изработката на деталниот план на активности на ОИК/ИКГС, согласно роковникот на ДИК.

2) Доколку во составот на ОИК/ИКГС има некои промени (на пр. некој го загубил статусот на државен службеник и сл.) за тоа писмено се известува ДИК, како би можела навремено да преземе потребни дејствија за дополнување на составот на ОИК/ИКГС.
3) Согласно член 23 став 1 од Законот за заштита на личните податоци, претседателот, членовите, секретарот на ОИК/ИКГС и нивните заменици се должни да потпишат изјава за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.
4) Сите потпишани изјави за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци се чуваат во затворен плик, во просториите определени од Општината за чување на доверливиот и останатиот изборен материјал.

**Детален план на активности на ОИК/ИКГС**

Член 23

1) Изработениот план треба:
   - временски јасно и прецизно да ги определи сите активности;
   - да ги опфати сите активности, како и нивната поврзаност со останатите активности;
   - јасно да ги определи роковите;
   - да биде на увид на ОИК;
   - да ја определи поединечната одговорност на секого за „неговата" активност.
2) Усвоениот план на активности е составен дел на финалниот извештај за работа на ОИК/ИКГС.
3) Изработениот план на активности се доставува до ДИК.

**Седници на ОИК/ИКГС**

Член 24

1) ОИК/ИКГС работи на седници кои се јавни.
2) Од моментот на распишувањето на изборите или референдумското изјаснување па се до нивното конечно завршување, ОИК/ИКГС е во постојано заседание, во согласнот со претходно усвоениот план на активности.
3) За секоја седница се води записник. Копии од сите записници се приложуваат кон финалниот извештај за работата кој се доставува до ДИК. Записникот се чува во архива на ОИК/ИКГС во следните 5 години.

Член 25

1) ОИК/ИКГС работи и одлучува само доколку на седницата присуствуваат мнозинство од членовите.
2) Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.
3) Во случај на отсуство на член на ОИК/ИКГС, во работата на седниците учествува неговиот заменик. На седниците задолжително присуствува и заменикот претседател, кој нема право на одлучување.
4) Во присуство на членот, заменикот нема право да учествува во одлучувањето на ОИК/ИКГС.
5) Во работата и при дискусиите на ОИК/ИКГС редовно учествуваат заменикот претседател и секретарот но без право на глас при одлучувањето. Заменикот претседател учествува во одлучувањето на комисијата само во случаите кога претседателот не е присутен на седницата.
6) Во работата на ОИК учествуваат замениците членови согласно потребата претходно дефинирана во планот за активности. Ангажманот на замениците членови и заменик секретарот исто така се определува при изготвувањето на планот на активностите на првата седница на ОИК/ИКГС. Во текот на изборниот процес ОИК/ИКГС е должна да се придржува кон планот, но и истиот да го адаптира соодветно на новонастанати околности.

Член 26

1) За ангажманот на претседателот, членот на ОИК/ИКГС, секретарот, како и нивните заменици се води прецизна евиденција која се приложува кон финалниот извештај за работата на ОИК/ИКГС. Евиденцијата треба да биде во согласност со планот на активности на ОИК/ИКГС, во спротивно на членот/заменикот не му следува надоместок.
2) Евиденцијата се води на посебен Формулар за присуство на работа, кој е прилог на финансискиот извештај за работа на ОИК/ИКГС.
3) За време на ангажманот претседателот, членот на ОИК/ИКГС, секретарот, како и нивните заменици се ослободени од работни ангажмани на неговото работно место.
4) Потврдата за ослободување, по барање на членот на ОИК, ја издава претседателот на ОИК, согласно претходно усвоениот план за работа.

Член 27

При спроведувањето на изборите во работата на ОИК/ИКГС, во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во службена употреба е и јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во таа општина.

**Задолжителна едукација на членовите на ОИК/ИКГС**

Член 28

1) Државната Изборна Комисија носи Програма за задолжителна едукација на ОИК/ИКГС и востановува стандарди за задолжителна едукација на сите изборни органи.
2) ДИК изготвува распоред за задолжителната едукација и го известува претседателот на ОИК/ИКГС, односно неговиот заменик за денот, времето и местото на одржување на обуката. Распоредот и темите за задолжителната едукација се објавуваат и на интернет страницата на ДИК.
3) ДИК ја спроведува задолжителна едукација на членовите на ОИК/ИКГС.
4) Претседателот на ОИК/ИКГС, неговиот заменик, членовите, нивните заменици и секретарот се должни да присуствуваат на едукацијата која ја организира ДИК. Обуките се димензионирани и проектирани на таков начин, што обезбедуваат соодветни знаења и способности и по нивното завршување, ОИК/ИКГС ќе може без проблем да ги извршуваат изборните дејствија во определените рокови, точно, стручно и професионално.
5) По завршувањето на задолжителната едукација, ДИК им издава уверенија за посетување на задолжителната едукација на учесниците на работилниците.
6) Неприсуство на едукацијата, претставува основ за дисциплинска одговорност согласно Закон и основ за разрешување од ОИК.
7) Присуството, односно неприсуството се утврдува на почетокот и на крајот на едукацијата.

**План и распоред за задолжителна едукација на ИО**

Член 29

1) ОИК подготвува План и распоред за задолжителна едукација на Избирачките одбори, во соработка со ДИК.
2) При изготвувањето на планот и распоредот на задолжителната едукација на ИО, ОИК треба да има предвид неколку параметри:
   - Бројот на ИО.

- Вкупниот број на претседатели, нивни заменици, членови и нивни заменици во ИО во надлежност на ОИК.
- Бројот на лица кои ќе ја вршат едукацијата.
- Обезбедениот простор за едукацијата.

3) Веднаш по првиот состанок на ОИК треба да се побара од градоначалникот односно овластеното лице од општината да обезбеди просторни услови на територијата на општината каде ќе се врши задолжителната едукација на ИО.
4) Откако ќе бидат земени во предвид сите параметри, се изготвува финален план и распоред за едукација.

Член 30

1) Едукацијата ја спроведуваат сертифицирани обучувачи кои учествувале на "обуката за обучувачи", спроведена од страна на ДИК и членовите на ОИК.
2) Едукацијата е задолжителна за сите претседатели, нивни заменици, членови и нивни заменици во ИО.
3) Неприсуството на едукација преставува основ за разрешување и за дисциплинска одговорност согласно Закон и основ за недобивање надомест.
4) Присуството, односно неприсуството се утврдува на почетокот и на крајот на едукацијата.

Член 31

1) Едукацијата опфаќа видео презентација на која со практични примери се прикажани сите фази од спроведување на изборниот циклус, со паузи во презентацијата кои треба да се искористат за поставување прашања од страна на присутните и одговарање на сите поставени прашања и нејаснотии од страна на обучувачите. Истотака, секој ИО треба да добие и соодветен број на Прирачници испечатени и дистрибуирани од страна на ДИК.
2) По завршувањето на задолжителната едукација, ОИК им издава уверенија за посетување на задолжителната едукација на претседателот на ИО, неговиот заменик, членовите и нивните заменици. Обрасците на уверенијата ќе ги обезбеди ДИК.
3) Едукација на ИО, ОИК/ИКГС ја спроведува согласно планот на ДИК во роковите предвидени во календарот за извршување на изборните дејствија и програма за едукација.

**Архивско работење на ОИК/ИКГС**

Член 32

1) Стручно-административните и организационо-техничките работи на ОИК/ИКГС, во кои спаѓа и архивското работење, ги врши секретарот на ОИК/ИКГС и/или неговиот заменик.
2) Сите акти кои произлегуваат од работењето на ОИК/ИКГС секретарот или неговиот заменик ги заведуваат во Деловодник.
3) Општинската Изборна Комисија има печат. Печатот има облик на круг со пречник 3 см. Во првиот круг стои: "Република Северна Македонија", во вториот круг стои: "Општинска Изборна Комисија" и во продолжение името на Општината, а во средина на печатот е грбот на Република Северна Македонија.
4) Печат на ОИК се става на одлуките, заклучоците, решенијата, уверенијата и другите акти што ги донесува Комисијата.
5) Со печатот ракува Секретарот на ОИК или неговиот заменик.

## Финансиско работење на ОИК/ИКГС

Член 33

1) ОИК нема статус на посебно правно лице и нема посебна сметка.
2) Финансиското работење на ОИК/ИКГС се одвива според Упатство и Правилник пропишани од ДИК.
3) ОИК/ИКГС со средствата обезбедени од разделот на ДИК ќе располагаат рационално, ефикасно и ефективно. При располагање со средствата ОИК/ИКГС водат сметка за економично трошење во согласност со законските прописи, подзаконските акти и упатства.

Член 34

1) Согласно Упатството, при спроведување на изборните дејствија и активности, буџетските средства се реализираат за следните видови класифицирани трошоци:
   - Патни и дневни расходи;
   - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт;
   - Материјали и ситен инвентар;
   - Поправки и тековно одржување;
   - Договорни услуги со лица ангажирани за помагање на изборниот процес (за извршување физички работи, за ангажирање медицински лица и слично);
   - Други тековни расходи
   - Разни трансфери.
2) Во рамките на овие трошоци средствата се користат за следните пропишани одделни намени:
   - Патување во земја-патни расходи,споредни расходи;
   - Поштански услуги- во врска со изборните дејствја и активности;
   - Трошоци за комуникација (Телефон и телефакс-надомест за припејд картички за претседател и заменик председател за времетраење на избори);
   - Гориво потрошено за обиколка на избирачки места;
   - Транспорт (стоки) - за изборни активности за доставување на изборен материјал;
   - Транспорт (луѓе) - за организиран превоз на членови на избирачки органи;
   - Канцелариски материјал (за изборни активности);
   - Прехрамбени продукти и пијалоци (за седници на ОИК и за денови на гласањето);
   - Средства за одржување на хигиена (за времетраење на изборниот процес);
   - Други материјали - материјали за потреби на изборниот процес или избирачки места кои не спаѓаат во претходните точки;

## Финансиски извештај

Член 35

1) По завршување на изборните дејства и активности за вкупно потрошените средства ОИК/ИКГС составува финансиски извештај и за сите направени трошоци приложува соодветен финансиски документ (пр. фискална сметка и сметкопотврда).
2) Финансискиот извештај, ОИК/ИКГС го пополнува на образец пропишан од Државната изборна комисија.
3) Финансискиот извештај со комплетната финансиска документација, уредно потпишан и заверен во архива, ОИК/ИКГС го доставува до Државната изборна комисија, по завршувањето на изборните активности – во рок (7 дена) по завршувањето на изборните активности.

4) Во прилог на финансискиот извештај се доставува и еден оригинален примерок од записникот од седницата на општинската изборна комисија на која истиот е усвоен.
5) Финансискиот извештај општинските изборни комисии го пополнуваат, потпишуваат и усвојуваат врз основа на прегледи за аналитичка евиденција: Формулар, Дневник на трошоци, Формулар за присуство на работа. Сите наведени документи задолжително се приложуваат кон Финансискиот извештај на ОИК/ИКГС при неговото доставување до општините, односно Градот Скопје и ДИК.
6) Доколку ОИК не го достави финасискиот извештај со прилог потребната документација, нема да му биде исплатен надомест.

## X. НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИ НА ИЗБОРНИ ОРГАНИ

Член 36

1) Претседателот, неговиот заменик, членовите и замениците на ИО имаат право на надоместок.
2) Надоместокот се утврдува со правилник на ДИК.

**Финансирање на Локални избори**

Член 37

1) За спроведување на локалните избори средства се обезбедуваат од буџетот на општината и градот Скопје и со нив располага ОИК/ИКГС, а средства за изборниот материјал се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и со нив располага Државната изборна комисија.
2) Во случај на неможност за обезбедување на средствата за спроведување на локалните избори поради блокирана жиро сметка од страна на општината и градот Скопје, средствата за спроведување на локалните избори се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, и со нив располага ОИК/ИКГС.

## XI. АКТИВНОСТИ НА ОИК ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ

**Прием на кандидатски листи за Локални избори**

Член 38

1) Предлагањето на кандидати за избор на градоначалник, односно членови на Совет, се врши со поднесување на листа на кандидат за градоначалник, односно листа на кандидати за членови на советот која овластените претставници на предлагачите ја доставуваат до ОИК или ИКГС.
2) Право да поднесат листа на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група избирачи (во натамошниот текст: подносител на листа).
3) Кандидатот за градоначалник и кандидат за член на совет мора да има постојано живеалиште на територијата на општината за која се кандидира.
4) Подносителот на листа може да поднесе само една листа на кандидати за членови на советот, како и една листа на кандидат за градоначалник.
5) Бројот на членовите на советот се утврдува во зависност од бројот на жителите во општината и не може да биде помал од девет ниту поголем од 33 члена.

6) Во поднесената листа на кандидати за членови на советот на општината и градот скопје, најмалку 40% од кандидатите му припаѓаат на помалку застапениот пол.
7) При составување на листата на кандидати, на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места.
8) Листите на кандидати за членови на советот, односно листата на кандидат за градоначалник, овластените претставници на предлагачите ги доставуваат до ОИК/ИКГС најдоцна 30 дена пред денот на одржувањето на изборите.
9) ОИК/ИКГС по приемот на листата на кандидат, односно кандидати утврдува дали истата е поднесена во утврдениот рок и составена во согласност со одредбите на Изборниот законик.

**Проверка на листата на кандидат/и**

Член 39

1) При оваа проверка ОИК / ИКГС утврдува и дали подносителот нема поднесено листи на кандидати како дел од некоја коалиција.
2) ОИК/ИКГС:
   - Утврдува за секој од кандидатите, дали не е претходно кандидиран од друг подносител на листа.
   - Утврдува дали со поднесената листа, подносителот ги доставил сите потребни прилози и дали прилозите се во предвидената форма и содржина:
   - Дали е доставена неотповиклива изјава за прифаќање на кандидатурата, лично потпишана од секој кандидат, во оргинал;
   - Дали е доставена Изјава за припадност на заедница, лично потпишана од секој кандидат, во оргинал.
   - Ги проверува сите податоци внесени во изјавата, како и потписот на кандидатот дали соодветствуваат со податоците во личната карта. ОИК/ИКГС задолжително внимава дали податоците од важечкиот личен документ на кандидатот целосно се совпаѓаат со впишаните податоци во поднесените кандидатски листи, изјавите за прифаќање на кандидатура и изјавите за припадност на зедницата.
   - Дали е доставена Доказ–Потврда од надлежниот основен суд на чија што територија кандидатот има пријавено живеалиште, дека кандидатот не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, а чие што издржување се уште не е започнато, во оргинал.
   - Утврдува за секој од кандидатите, дали се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело, преку проверка во известувањето од ДИК за лица од конкретната општина кои се на издржување казна затвор за сторено кривично дело.
   - Копија од важечка лична карта на секој кандидат.
   - Дали во листата на кандидати за членови на совет родовата застапеност е согласно Изборниот законик (најмалку 40% од кандидатите да му припаѓаат на помалку застапениот пол);
   - Дали за секој кандидат има наведено име и презиме, неговото постојано живеалиште и единствениот матичен број;
   - Дали секој од кандидатите има постојано живеалиште во општината каде што се кандидира, односно градот Скопје, со проверка во избирачкиот список;
   - дали листата на кандидат за градоначалник има само еден кандидат;
   - дали листата на кандидати за членови на совет содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на совет во соодветната општина;
   - дали на листата го има наведено името на општината за која е поднесена листата;

- дали листата содржи име на подносителот на листата.

За политичките партии:

- Потврда од надлежен суд за регистрација за политичка партија за тековната година.

За коалици:

- договор за коалиција и
- копија од потврда за регистрација за секоја политичка партија која го потпишала договорот за коалиција, за тековната година.

За групи избирачи:

- дали собраните потписи се на соодветен образец;
- дали образецот е заверен од овластеното лице од ДИК;

Член 40

1) Ако ОИК/ИКГС утврди дека во листата има одделни неправилности, ќе го повика овластениот претставник на подносителот на листата, односно прво потпишаниот советник на листата на кандидат, да ги отстранат неправилностите во рок од 48 часа од приемот на листите.
2) Ако ОИК/ИКГС утврди дека листата е поднесена во определениот рок и е составена во согласност со одредбите на Изборниот законик, односно констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листата ги отстраниле во утврдениот рок, поднесената листа ќе ја потврди со решение.
3) Ако ОИК/ИКГС утврди дека листите се поднесени ненавремено, односно констатираните неправилности или пропусти, подносителите на листите не ги отстраниле во утврдениот рок, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од 24 часа од приемот на листите.
4) Против решението на ОИК/ИКГС може да се поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 24 часа од приемот на решението. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 24 часа од приемот на тужбата.

Член 41

1) ОИК/ИКГС по потврдување на листите на кандидати за членови на совет и листите на кандидати за градоначалник, истите ги доставува до Државната изборна комисија заради утврдување на редоследот во единствената листа на кандидати.
2) ОИК/ИКГС утврдените единствени листи на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник ќе ги огласи најдоцна 23 дена пред денот определен за одржување на изборите во сите населени места и на избирачките места во општината.
3) Утврдените листи на кандидати во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се објавуваат покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа општина.

## XII. ИЗБОРЕН МАТЕРИЈАЛ

### Видови изборен материјал

Член 42

Изборниот материјал се дели во две групи:

- Доверлив изборен материјал и
- Недоверлив изборен материјал.

Член 43

1) Како доверлив изборен материјал се смета:
   1. Кочан со гласачки ливчиња
   2. Извод од Избирачкиот список за гласачкото место;
   3. Посебен извод од Избирачкиот список, за граѓаните кои се на привремена работа или престој во странство;
   4. Дневник за евиденција на настани на гласачкото место;
   5. УВ мастило (ултра-виолетово мастило) во вид на спреј за обележување на гласачите кои гласале;
   6. УВ ламба за проверка;
   7. Печат со бројот на гласачкото место и
   8. Обрасци на записници:
      - за утврдена состојба на просторијата за гласање, изборниот материјал и гласачките кутии од избирачкиот одбор ,
      - за гласање, сумирање и утврдување на резултатот од Избирачко место,
      - за предавање на изборниот материјал од ИО на Општинската изборна комисија и
      - Образец за утврдување на потребата за повикување на полиција.
2) Како недоверлив изборен материјал се смета:
   1. Гласачки паравани;
   2. Листа на кандидати (информативен постер);
   3. Гласачка кутија (слика 5);
   4. Нумерирани пластични сигурносни ленти за запечатување на гласачката кутија и вреќата за транспорт на доверливите материјали (слика 6);
   5. Пликови за пакување, за секое од наведените:
      - искористените гласачки ливчиња (важечки и неважечки)
      - неискористените гласачки ливчиња,
      - кочаните, избирачкиот список и Дневникот за евиденција;
      - еден резервен заштитен плик;
   6. Пластични вреќи, големи, проѕирни, обележени со налепница:
      - за транспорт на доверливиот материјал;
      - за транспорт на недоверливиот материјал;
   7. друг недоверлив материјал во кој спаѓаат:
      - пенкала;
      - обичен маркер;
      - линијар;
      - перниче за отпечаток од прст (слика 3);
      - беџови за членовите на ИО;
      - повеќејазично упатство за гласање и
      - други материјали.
   8. Шаблон на Браева азбука;
   9. Граничник и
   10. Соодветни батерии за секоја УВ ламба.

**Предавање на изборниот материјал од ДИК на ОИК**

Член 44

1) ДИК целокупниот изборен материјал за гласање и го предава на ОИК најдоцна во рок од 72 часа пред денот определен за одржување на изборите.
2) Предавањето на изборниот материјал од ДИК на ОИК се врши на следниот начин:
   - ДИК го организира транспортот на материјалот од печатницата каде изборниот материјал се печати до седиштето на ОИК. Во овој случај, ДИК на ОИК, еден ден пред доставувањето го соопштува приближното време на доставувањето и лицето кое ќе го изврши доставувањето. ОИК е должна за денот и времето на доставување на материјали-те веднаш да ја извести полицијата, за да може навремено да се обезбедат изборниот материјал и лицата. За денот и времето на предавање на материјалот се информираат и овластените претставници на подносителите на листите на кандидати.
   - За примопредавањето на изборниот материјал се составува записник – Обрасци пропишани од ДИК за доверливиот и за недоверливиот изборен материјал.
   - На ОИК и се предава изборниот материјал за сите ИО кои се во нејзина надлежност.

**Предавање на изборниот материјал од ОИК на избирачките одбори**

Член 45

1) ОИК е должна, изборниот материјал за гласањето да го предаде на ИО во нејзина надлежност, еден ден пред денот определен за гласање. За примопредавањето се составува Образец пропишан од ДИК.
2) За предавање на изборниот материјал до ИО, ОИК:
   - составува акционен план и распоред за достава на материјалот до ИО;
   - ги известува претседателот на ИО и неговиот заменик за денот и времето на доставување;
   - составува записник во кој треба да се наведе вкупниот број на гласачки ливчиња со сериските броеви и друг материјал потребен за гласање за примопредавањето со секој ИО посебно. Овој записник го потпишуваат претседателот и членовите на ИО и членот на ОИК кој го предава материјалот;
   - ја известува полицијата за денот и времето на предавањето на материјалите, за да може навремено да се обезбеди конвој за следење и обезбедување на изборниот материјал и лицата;
   - ги известува овластените претставници на подносителите на листите за примопредава-њето на изборниот материјал задолжително. Ако претставници на подносителите на листи имаат забелешки за предавањето на изборниот материјал, тие имаат право да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот. Овие забелешки ќе бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право. Ако на присутните претставници на подносителите на листи не им бидат евидентирани забелешките во записникот за примопредавање, имаат право забелешките да ги достават до ОИК во рок од 5 часа по потпишувањето на записникот;
   - акредитираните набљудувачи исто така имаат право на присуство при предавањето на изборните материјали и тие претходно се известуваат за распоредот.
3) Во оние гласачки места во кои нема услови изборниот материјал да биде оставен во посебна просторија која може да се заклучи, изборниот материјал задолжително се остава на чување во просторијата на ОИК.

## XIII. ПРИЕМ НА ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ГЛАСАЊЕ НА БОЛНИ ИЛИ НЕМОЌНИ ЛИЦА, ОДНОСНО ЛИЦА КОИ СЕ НАОЃААТ ВО КУЌЕН ПРИТВОР

### Гласање на немоќно или болно лице

Член 46

1) Избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице според упатството на Државната изборна комисија), а сака да гласа, за тоа ќе ја извести ОИК најдоцна седум дена пред денот определен за гласање.
2) Известувањето треба да содржи:
   - Име и презиме на гласачот;
   - Единствен матичен број на гласачот;
   - Адреса на живеење (адресата од личните документи на гласачот, според која тој е запишан во единствениот избирачки список);
   - Адреса на која гласачот ќе гласа (таа може да се разликува од адресата на живеење. Во тој случај, ио го посетува гласачот на оваа адреса и таму го спроведува гласањето.);
   - Потпис на гласачот;
   - Документација во прилог (Медицинска документација од Лекар-специјалист или важечко Решение за користење на туѓа нега).
3) Заради спроведување на насоките од ДИК пропишани со Упатствата за гласање на болни и немоќни лица, секоја ОИК има право по сопствена проценка да ангажира компетенти медицински лица заради проценка на издржливоста на приложената документација. За тој ангажман на ангажираните лица ОИК може да им исплати соодветен хонорар.

Член 47

1) Врз основа на поднесените известувања и соодветната приложена документација, ОИК на официјална седница ги разгледува сите известувања и за секое од нив поединечно носи одлука за прифаќање или за одбивање на ивестувањето.
2) За донесената одлука, ОИК ведаш ги известува лицата кои поднеле известување.
3) Од сите одобрени известувања ОИК составува листа. Во листата, односно списокот, лицата ги подредува по избирачко место, и при примопредавањето на изборниот материјал секој ИО добива листа, односно список за избирачкото место за кое е надлежен.
4) За денот и часот на гласањето претседателот на општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје писмено ги известува претставниците на подносителите на листите.

### Гласање на лица со попреченост

Член 48

4) Во согласност со упатството за гласање на слепи лица и лица со оштетен вид гласањето ќе се изврши со помош на шаблон со Браевата азбука и граничник кои се доставуваат со изборниот недоверлив материјал од страна на ДИК. Секоја ОИК е должна да внимава при доставувањето на избирачкиот материјал секој ИО да добие доволни количини од шаблоните и граничниците и да има прецизни инструкции за начинот за користење на истите.
5) Истотака, бидејќи на лицат со посебни потреби т.е лицата кои користат инвалидски колички ѝм се овозможува да гласаат зад мобилни паравани со помала големина од стандардните гласачки паравани, секоја ОИК треба да внимава секој ИО задолжително да добие соодветна количина од параваните.

### Гласање на избирачи кои на денот на гласањето се на издржување казна затвор или се во притвор односно куќен притвор

Член 49

1) Избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор односно куќен притвор, гласаат во казнено - поправните домови односно местото каде се наоѓаат на издржување мерка куќен притвор.
2) Општинската изборна комисија е должна по добивање на списоците за избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, веднаш да ги достави до казнено - поправните домови каде што избирачите се на издржување казна затвор или се во притвор.
3) Избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување мерка куќен притвор, а кои сакаат да гласат, преку овластен полномошник за тоа ќе ја известат ОИК најдоцна три дена пред денот определен за гласање.
4) За избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор изборите ги спроведува избирачкиот одбор од најблиското избирачко место или посебен избирачки одбор согласно со Изборниот законик и упатството на Државната изборна комисија, еден ден пред денот определен за гласање, а за гласањето се известуваат и претставниците на подносителите на листите заради нивно присуство на гласањето.
5) На избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување мерка куќен притвор, избирачкиот одбор ќе му овозможи да гласа во местото каде ја издржува мерката куќен притвор, еден ден пред одржувањето на изборите на начин со кој се обезбедува тајноста на гласањето.

## XIV. АКТИВНОСТИ НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ

### Активности пред отпочнување на гласањето

Член 50

1) ОИК има обврска и е должна да обезбеди сите гласачки места да бидат отворени за гласање во 07:00 часот.
2) Еден ден пред денот на гласањето, ОИК задолжително треба да одржи состанок на кој претседателот на ОИК, неговиот заменик, членовите, нивните заменици и секретарот согласно Планот за комуникација, ги договараат обврските за комуникација со секој од ИО. Секој од нив е должен на денот на гласањето, во периодот од 06:00 до 07:00 часот, да ги обиколи гласачки места за кои е надлежен и да се увери дека ИО се присутни на своите места, дека гласачкото место е уредено на начин кој овозможува непречено одвивање на гласањето, дека изборниот материјал е во исправна состојба и дека секој ИО има се што му е потребно за непречено одвивање на гласањето.
3) За извршената обиколка и состојбата на гласачките места, ИО и изборниот материјал секој член поднесува извештај, кој на крај влегува во финалниот извештај за работа на ОИК.
4) ОИК задолжително доставува известување до ДИК во кое се наведуваат гласачките места кои не биле отворени во 07:00 часот како и причините поради кои овие места не биле отворени и мерките кои се преземени за отстранување на неправилностите.

**Активности во периодот 07:00 – 19:00 часот на денот на гласањето**

**Соработка со останатите изборни органи**

Член 51

1. Во текот на денот, ОИК е во постојан контакт со избирачките одбори и со ДИК.
2. За цело време на денот на гласањето, ОИК дава упатство за работење на ИО и ја контролира нивната работа. ОИК интервенира во сите случаи кога е констатирана повреда на законитоста во спроведувањето на гласањето или повреда на актите дадени од неа или од ДИК, а причините ги наведува во Записник кој веднаш го доставува до ДИК.
3. ОИК, за решавање на секој проблем може да се јави во ДИК.
4. По приемот на инструкциите од ДИК, ОИК е должна истите да ги спроведе.

**Собирање на податоци за одзивот на гласачите**

Член 52

ОИК собира податоци од ИО за одзивот на гласачите, согласно претходно утврдена динамика од страна на ДИК. Овие податоци ги сумира и сумирани ги доставува до ДИК.

**Соработка со гласачите**

Член 53

ОИК, на денот на гласањето е отворена за сите гласачи кои ќе побараат помош за остварување на нивното гласачко право. Доколку ОИК не е во можност да им помогне, или пак проблемот не е во нејзина надлежност, должна е гласачот да го упати во најблиското подрачно одделение, канцеларија на ДИК или директно до ДИК.

**Активности по завршувањето на гласањето**

**Прием на изборниот материјал**

Член 54

1. Записниците и другиот изборен материјал, ИО е должен најдоцна во рок од пет часа по завршувањето на гласањето, да ги достави до ОИК.
2. ОИК, при приемот на изборниот материјал од ИО, составува посебен записник на Обрасци пропишани од ДИК. Изборниот материјал до ОИК го доставува претседателот на ИО во придружба на мнозинство членови на ИО и претставници на подносителите на листите и претставници од полицијата, ако за тоа има потреба.
3. Секоја ОИК го организира приемот на материјалот согласно просторните услови со кои располага.
4. Секоја ОИК, во зависност од бројот на ИО на територијата на општината е должна да обезбеди пристап и непречена комуникација со претставниците на ИО кои го доставуваат избирачкиот материјал.

Член 55

1) Предавањето на изборниот материјал се врши по следниот распоред:
   1. Претседателот и мнозинството од членовите на ОИК го презема од ИО печатот со бројот на гласачкото место, УВ ламбата и записниците за гласање и ги проверува. Доколку се исправно пополнети и потпишани од мнозинството членови, го потпишуваат записникот за предавање на изборниот материјал и ИО ја напушта просторијата. За истото се води евиденција.

- Доколку Записникот не е исправно пополнет, претседателот на ИО со потпис и печат го поправа, а причините за неговот поправање ги внесува во записникот за предавање на материјалот, кој исто така го потпишува и става печат на наведената причина за поправање.
- Ако записникот не е потпишан од мнозинство членови на избирачкиот одбор, истиот се пополнува и потпишува од страна на општинската изборна комисија, врз основа на увид во целокупниот изборен материјал.

2. Еден член на ОИК или негов заменик ги презема од ИО празните гласачки кутии и врећите со доверливиот и недоверливиот гласачки материјал и води евиденција за тоа кој ИО ги предал.

2) По приемот на записниците за сумираните резултати од ИО, претседателот или од него овластен член на ОИК, резултатите јавно ги чита пред присутните (овластени претставници на подносителите на листи на кандидати, акредитираните набљудувачи, новинарите, присутните членови од избирачките одбори).
3) Податоците од секој записник бр.16 се внесуваат во посебна програма од страна на овластени лица на ДИК и по електорнски пат се објавуваат на интернет страната на ДИК.

**Сумирање и утврдување на резултатите**

Член 56

1) По предавање на целокупниот изборен материјал ОИК е должна веднаш да го состави Записникот за сумирање на резултати за целата општина за која што е надлежна ОИК.
2) Во записникот за гласањето се внесуваат податоци за сумираните гласови од гласањето, редниот број на избирачките места во изборната единица за која е надлежна, вкупниот број на избирачи за тие избирачки места запишани во изводите од Избирачкиот список, вкупниот број на избирачи што гласале, вкупниот број на болни и немоќни лица кои гласале, вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња и вкупниот број на гласови што ги добила секоја листа на кандидати од избирачките места за кои таа општинска изборна комисија е надлежна.
3) Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на ОИК. Записникот е важечки ако е потпишан од мнозинството членови на ОИК. Претседателот на ОИК треба да ги наведе причините за непотпишување на записникот од член на комисијата.
4) Ако присутните претставници на подносителите на листите имаат забелешки, претседателот на ОИК е должен да им се овозможи тие да бидат евидентирани во записникот. Евидентираните забелешки се основа во постапката за заштита на избирачкото право.
5) Примерок од записникот добива секој претставник на подносител на листа, како и присутните акредитирани набљудувачи.

**Утврдување на резултатите од гласањето за избор на членови на совет и распределба на мандатите**

Член 57

1) Утврдувањето на резултатите од изборите се врши со примена на Д'Хондт -овата формула.
2) По утврдувањето на вкупниот број дадени гласови за секоја листа на кандидати (таканаречена избирачка маса), секоја листа одделно се дели со низот делители 1, 2, 3, 4 итн. се до бројот на членовите на советот кои се избираат во општината и градот Скопје.
3) Количниците од делењето се редат по големина при што релевантни се онолку најголеми количници колку што се избираат членови на советот.
4) Листата на кандидати за членови на советот добива толкав број на советнички места колку што има најголеми количници од бројот на количниците.

5) Ако во доделувањето на последното советничко место се јават два идентични количника, мандатот се доделува со ждрепка.
6) При распределбата на советничките места за избрани се сметаат онолку кандидати колку што места добила листата.
7) Од листата на кандидати за членови на советот се избрани кандидатите наведени во листата според утврдениот редослед.

**Утврдување на резултатите за избор на градоначалник**

**Прв круг**

Член 58

1) Во првиот круг од гласањето за градоначалник е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку на изборите излегле една третина од вкупниот број на избирачи запишани во изводот од Избирачкиот список за соодветната општина.
2) Доколку во првиот круг од гласањето за избор на градоначалник на општината, односно градоначалник на градот Скопје не излезат една третина од вкупниот број на избирачи запишани во изводот од Избирачкиот список за соодветната општина, односно градот Скопје, се повторува целата изборна постапка за соодветната општина.
3) Изборната комисија на градот Скопје резултатите од гласањето за градоначалник ги утврдува според бројот на гласовите што ги добиле листите на кандидати за градоначалник одделно, врз основа на сумираните резултати добиени од општинските изборни комисии на подрачјето на градот Скопје.
4) Ако за градоначалник е предложен еден кандидат, а во првиот круг на гласање не го добил потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.

**Втор круг**

Член 59

1) Ако во првиот круг ниту еден кандидат за градоначалник не го добил потребното мнозинство гласови, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.
2) Вториот круг на гласање се одржува во рок од 14 дена од денот на завршувањето на првиот круг на гласањето.
3) Во вториот круг на гласање за градоначалник е избран кандидатот кој добил поголем број гласови.

**Објавување на резултатите**

Член 60

1) ОИК првичните резултати од изборите за членови на совет, односно градоначалник ги објавува во рок од 7 часа по завршувањето на изборите, врз основа на податоците од избирачките одбори и ги истакнува на огласна табла во општината.
2) ИКГС првичните резултати од изборите за членови на совет, односно градоначалник ги објавува во рок од 10 часа по завршувањето на изборите и ги истакнува на огласна табла во градот Скопје.
3) Конечните резултати од изборите за членови на совет и градоначалник, ОИК, односно ИКГС ги објавуваат најдоцна во рок од 24 часа од конечното завршување на изборите.

## XV. ПРИДОНЕС НА ОИК КОН ЗАШТИТАТА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО

Член 61

1) ИО е должен на секој граѓанин кој дошол да го оствари своето избирачко право на гласачкото место, а не е запишан во Избирачкиот список и Посебниот избирачки список, да го упати во надлежното Подрачно одделение на ДИК и да му даде пропишан образец за приговор за заштита на лично избирачко право.
2) Приговорот за заштита на личното избирачко право може да се поднесе преку ОИк до ДИК или со пополнување на електронска апликација на интернет страната на ДИК.
3) Претседателот на ИО е должен задолжително да им овозможи на присутните овластени претставници на подносители на листи, доколку имаат забелешки во постапката за гласање и во постапката за сумирање и утврдување на резултати да ги внесат во Записникот бр.16.
4) Доколку на овластениот претставник не му е овозможено евидентирање на забелешката во Записник бр.16, истите имаат право своите забелешки да ги достават до ОИК, во рок од 5 часа од потпишување на записникот.
5) Акредитираните набљудувачи имаат право своите забелешки за работата на ИО да ги евидентираат во Дневникот за евиденција на настани на избирачкото место.
6) ИО е должен на сите присутни овластени претставници и акредитирани набљудувачи да им даде примерок од карбонизирана копија од Записникот за гласање бр.16.

## XVI. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 62

Ова Упатство влегува во сила од денот на неговото донесување и се објавува на веб страната на ДИК.

Број 08-788/1
20.03.2019 година
Скопје

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СКОПЈЕ